| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена Б4 - деловни простори, на дел од КП бр. 514/1 м.в. "Геран", КО Инџиково, општина Гази Баба - Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Тајфа Архитекти ДООЕЛ Куманово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Гази Баба - Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Стефан Лазаревски, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | бул. Партизански Одреди бр.17-3/2, Скопје<br>тел. 02/3241130 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Локалната урбанистичка планска документација, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:<br>• Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18);<br>• Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15);<br>• Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);<br>како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Површината на планскиот опфат до сега не е опфатена со постојна планска документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА - просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Локалната урбанистичка планска документација, има крајна цел преку:<br>• рационално уредување и искористување на просторот;<br>• подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>• оддржлив развој;<br>• заштита и унапредување на животната средина и природата;<br>• заштита на недвижното културно наследство;<br>• заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);<br>• јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите; | | | |

| |
|---|
| • вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот<br>да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализиција на планираните градби на планираната градежна парцела, да се дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2018 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат има површина од 18713.24м² (1.87ха) и истиот е ограничен на дел од КП бр.514/1 м.в. Геран, КО Инџиково, општина Гази Баба.<br> |




| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | |
|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | |
| Дали е приложена копија од целите? | |
| Да ☒<br>Не ☐ | |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| Веројатноста, времетраењето, | При реализација на планскиот опфат предвиден со |

| | |
|---|---|
| фреквентноста и повратноста на вљанијата; | планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст се оценува дека за обезбедување на планскиот развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водење активна популациска поитика во согласност со можностите за социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општина Гази Баба регистрирани се вкупно 72617 жители. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со Локалната планска урбанистичка документација ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на оваа планска документација, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко планска документација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, нема евидентирани археолошки локалитети. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на | Нема гранични вредности. |

| | |
|---|---|
| животната средина или граничните вредности | |
| Интензивна употреба на земјиштето | Од аспект на интензивна употреба на земјиштето, просторот претставува неизградено земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br><br>Претставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br><br>Со Локалната урбанистичка планска документација предвидена е изградба на комплекс со намена Б4 - деловни простори, на дел од КП бр. 514/1 м.в. "Геран", КО Инџиково, општина Гази Баба – Скопје. Во непосредна близина на планскиот опфат има постојни резиденцијални објекти. Земено предвид намената на комплексот, како и планирањето да се обезбеди надградување на постојната сообраќајна и комунална инфраструктура, влијанието на животната средина ќе бидат исклучиво позитивни. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br><br>Имплементација на планската содржина предвидена со планот ќе придонесе за развој на општина Гази Баба од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување, и соодветно намалување на невработеноста и сл.<br>Но, од аспект на животна средина во оперативна фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фреквенција на возила;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани инфраструктурни обејкти;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат само санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветно управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води, генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.<br>Природно и културно наследство:<br>Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичкопланска документација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, нема евидентирани археолошки локалитети.<br>Отпад: Генерирање на отпад<br>Од аспект на одржливост, донесување на планската документација позитивно ќе влијае врз:<br>- привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата<br>- допринос во локалната и националната економија. |

| |
|---|
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br><br>Неправилно управување со комунален отпад, неправилно постапување со санитарни води од објектите може да доведе до загадување на животната средина и здравјето на луѓето. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br><br>Предметната локална урбанистичка планска документација припаѓа на простор за кој има изработено Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Инџиково – проширување на границата на УДНМ Инџиково со нови содржини за домување и сервисна зона покрај автопатот Е-75 Скопје – Велес, Општина Гази Баба со технички бр. 34007 од Декември 2007 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.15-21/2 од 28.01.2008 година, како и во делот на заштитниот појас на горенаведениот автопат (дел во кој нема услови за предвидување на градба), Условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намени Б2 – Големи трговски единици на КП 514/1, м.в. Геран, КО Инџиково, Општина Гази Баба, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.УП1-15-1623/2017 од 21.03.2018 година.<br>Планскиот докуемнт е поврзан со:<br>- Просторен план на РМ<br>- ЛЕАП за општина Гази Баба<br>- Стратегија за управување со води на РМ 2008-2020<br>- Национален план за управување со отпад<br>- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998<br>- Националан стратегија за одржлив развој<br>- Втор национален еколошки акционен план на РМ<br>- Стратегија за демографски развој на РМ<br>- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина<br>- Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br><br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br><br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериуми врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оценка на влијанието врз |

| | | | |
|---|---|---|---|
| животната средина, потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оценка на влијанието врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните и физичките лица кои вршат дејност или активност кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина се должни да изготвата Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставaт до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник<br>БОРИС ГЕОРГИЕВСКИ | |
| Датум<br>Место | | М.П. | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 1 СКОПЈЕ